# Слободата на изразување и безбедноста на новинарите пред Судот во Стразбур – нова публикација од ЗНМ

Од страна на **Вечер** - 10/12/2022 - 10:10


АНАЛИЗА
СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ ПРЕД СУДОТ ВО СТРАЗБУР




блогерите и корисниците на социјалните мрежи, кои вијаат врз креирањето на јавното мислење.

Кои предмети се разработени?

1.Првиот е предметот со Селмани во 2017 и други против ПЈРМ (2017), кој е воедно и првиот предмет во кој Судот констатирал повреда на членот 10 на ЕСЧП во нашата држава

2. Вториот предмет се однесува на пресудата на ЕСЧП во предметот Макрадули против ПЈРМ (2018), за кривично гонење за клевета на пратеник и потпретседател на политичка партија

3. Третиот предмет е предметот Гелевски против Северна Македонија (2020), во која се признава придонесот на колумнистите како креатори на јавното мислење кон тековната политичка дебата по прашање од јавен интерес.

4. Четвртиот предмет е предметот Костова и Апостолов, ЕСЧП наоѓа повреда на членот 10 во поглед на граѓанската постапка за клевета што се водела против апликантите, главната и одговорна уредничка на неделникот „Фокус", Јадранка Костова, и Владо Апостолов, новинар во тој неделник

Овие предмети се детално разгледани и објаснети во анализата од каде што може да се добијат не само генерални заклучоци за праксата на Судот, туку  и да се добие претстава за целиот процес на одвивање, на постапката и резултатите од истата.

Заштитата што им ја дава членот 10 на новинарите во однос на информациите за прашањата од општ интерес подлежи на услов новинарите да постапуваат со добра волја и врз точна фактичка основа, односно да обезбедат информации во согласност со новинарската етика. Поимот на одговорнот новинарство е дефиниран преку начинот и средствата што се користени за да се добијат одредени информации за пласман на јавноста, како и покажаната почит кон личноста што е предмет на информацијата.

Заклучоците и препораките се дека слободата на изразување може да биде постоечка и активна, само преку креирање амбиент, како законодавен, така и институционален, за фактичка примена на стразбуршките стандарди во македонскиот медиумски и правосуден контекст. Донесувањето на одлуките во врска со претходно споменатите предмети претставува добар пример за позитивна пракса на носење одлуки во корист на новинарите, односно во случаи кога се прекршени нивните права, тренд што треба да продолжи и во иднина.

Линк до анализата – ЛИНК

*Оваа анализа е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и на авторите и не ги одразува нужно гледиштата на Европската Унија

Со почит,

**Здружение на новинарите на Македонија**